РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-385/3
04-08-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 23.07.2021 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1970/1 од 25.03.2019 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-1970/1 од 25.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот 09-1970/1 од 25.03.2019 година врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека во општина Долнени градоначалникот го вработил шурата -------- --------- за личен возач и дека лицето -------- --------- кој бил негов братучед го вработил во секторот за образование, без притоа да ги прецизира роднинските врски помеѓу градоначалникот и наводниот братучед.

Државната комисија ги разгледа наводите во пријавата и со цел утврдување на фактичката состојба, се обрати до Општина --------- со барање податоци и информации за целокупната постапка за спроведување оглас за вработување на лицата -------- --------- и -------- ---------, акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места, годишен план за вработување, податоци за горенаведените лица доколку биле вработени или ангажирани по било кој друг основ.

Во законски утврдениот рок, општина --------- ја извести Државната комисија за тоа дека лицата се вработени во општината и тоа -------- --------- како возач на моторно возило по објавен оглас, како единствен пријавен кандидат и -------- --------- ангажиран по договор за вработување преку Агенција за привремени вработувања, а истиот претходно работел во ОУ „-------- --------- " ---------.
Општината потврдува дека гореспоменатите работни позиции се предвидени во актот за систематизација на работните места и во прилог ги достави документите од целокупната постапка по јавниот оглас за вработување на возач за моторно возило, годишниот план за вработување, актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места и договорите за вработување со лицата. Од целата документација не се потврдуваат неправилности во постапките за вработување.

Државната комисија, покрај тоа се обрати и до Управата за водење на матични книги со цел потврдување на основаноста на наводите за роднински врски помеѓу градоначалникот и лицето со кое е склучен договор за

вработување на работната позиција возач на моторно возило, при што од податоците кои се добиени од Управата, може да се констатира дека градоначалникот и гореспоменатото лице не се блиски лица соглсно член 8 став 4, односно возачот не му е шура на градоначалникот како што е наведено во пријавата.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, како и по повторно разгледување на наводите во пријавата, Државната комисија констатира дека наводите во пријавата не се потврдуваат и дека постапувањето по предметот со број 09-1970 се запира, при што предметот да се затвори и архивира.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК